

ПРАВИЛНИК

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ИЗБОРНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ

Скопје, 30.12.2019 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-1231/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 од Законот за високо образование („Службен весник на Р. Македонија бр.82/18“) и член 72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 82-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ИЗБОРНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува постапката и начинот на определување на задолжителните и изборните предмети во студиските програми на факултетите, во состав на Европскиот Универзитет Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Студиските програми содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Задолжителните наставни предмети во студиската програма се од соодветната област на насоката или модулот на матичниот факултет каде што е запишан студентот.

Изборните предмети студентите ги избираат од понудената листа на изборни предмети од матичниот факултет каде што студираат и од листа на изборни предмети од другите факултети на универзитетот.

Бројот и структурата на задолжителните и изборните наставни предмети се определени во акредитираната студиска програма на секој факултет, одделно, согласно законската регулатива.

Член 3

Изборните предмети од листата од член 2, кои ќе се изучуваат во текот на академската година, ги определува Наставно-научниот совет на факултетите и ги објавува на огласната табла во Службата за студентски прашања.

Член 4

Студентот е должен пред почетокот на семестарот, во секоја академска година, да ги пријави изборните предмети.

Член 5

Вредноста на ЕКТС кредити на задолжителните и изборните предмети е определена во акредитираната студиска програма на соодветниот факултет.

Вкупниот износ на кредити, стекнати по било кој основ, во рамките на една академска година, не може да надминува 60 ЕКТС, без разлика дали се работи за студент запишан на прв или на втор циклус студии на универзитетот.

Член 6

Задолжителните и изборните предмети кои студентот го изучува се бележат во досието на студентот и во неговиот индекс.

Предметниот наставник ги потврдува исполнувањето на студентските обврски во однос на предметите од став 1 на овој член, со впишување на завршната оценка за положениот предмет, ЕКТС кредитите, како и со својот потпис, во студентскиот индекс.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 8

За измени и доплонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

:

Претседател наУниверзитетски сенат:
Вонреден професор д-р Љупчо Сотироски